

Во деновите 14 и 15.11.2016 година во општина Алмопиа( Аридеа)Грција беше реализирана по втор пат работна средба (четврта во рамките на проектот) помеѓу проектните тимови

од општина Неготино и општина Алмопиа.
На 14.11.2015( понеделник) средбата се одржа во просториите на општината Алмопиа. Се дискутираше и се дадоа

појаснувања околу содржините на

електронските платформи за двете општини и водичот за инвеститори кои се во фаза на подготовка .Потоа

следуваше размена на материјали кои се дел од комуникацискиот пакет на општината Алмопиа.На 15.11.2016 ( вторник)работната средба беше одржана во новоопремената просторија

за пчеларство во местото Ексаплатанос

во близина на Аридеа.Состанокот се одвиваше согласно планираната агенда за вториот ден . Во врска со напредокот на проектот за општина Алмопиа и за општина Неготино се даде преглед за секоја активност посебно.Беше разгледана

севкупно набавената опрема за пчеларство која и по завршување на проектот ќе може да биде користена за едукативни

, практични

и демонстративни цели од здружение на пчелари во општина Алмопиа кое е во фаза на формирање.Во преостанатиот дел од средбата се разговараше за одобреното

продолжување на проектот за општина Алмопиа до 26.12.2016 наместо 26.11.2016 .Исто така беше дискутиран и предлогот за продолжување на проектот за општина Неготино, со цел да може да биде завршена и една од главните активности на проектот , а тоа е изградбата на делот од патот Г.Дисан –Вешје во должина од околу 400м за што во моментот се работи на измени во техничката документација.








